

# guitar



## ГМИТАР ОБРАДОВИЌ

Роден 4 март 1935 год. во с. Шљивово. Дипломирал на Академијата за Применета уметност во Белград 1958 год.

Од 1961 — 1964 годинe работи како сценограф и костимограф во Народниот театар во Лесковац.

Од 1964 година работи графички и саемски дизајн во фабриката за лекови „ЗДРАВЉЕ" — Лесковац.

Се бави со ликовното творештво, применатa графика, проектирање на стопански изложби, сценографија, просторно обликување на слободни површини.

Неговите слики се наоѓаат во приватни колекции, музеи, галерии и работни организации ширум нашата земја, во СССР, ДРГ, Шведска, Румунија, Чехословачка, Белгија и Италија.

### САМОСТАЛНИ ИЗЛОЖБИ

— ЛЕСКОВАЦ 1963, 1965, 1966, 1971, 1978, 1980 и 1984.

— БЕЛГРАД 1967.

— НОВИ САД 1971.

— Н И Ш 1984.

— ПАРИЗ 1987.

### КОЛЕКТИВНИ ИЗЛОЖБИ

Учествувал на дванаестина колективни изложби во повеќе градови во земјава: Лесковац, Владичин Хан, Ниш, Власотинце, Лебане, Белград, Крагујевац, Прилеп, Куманово и др.

мномрк

мохмдмнм ххохохо

### Н А Г Р А Д И

Добитник е на повеќе награди за ликовни остварувања во Лесковац „ОКТОМБАРСКИ САЛОН" (1964, 1965, 1968, 1975, 1978, 1984)

Добитник е на повеќе награди за остварување од применетата уметност Меѓу нив се издвојува НАГРАДАТА НА КОНКУРСОТ НА ОН за плакатот посветен на разоружување (март, 1988).

адреса; Булевар на Председателот Тито
173 / II - 11 Лесковац, тел. 016 42-053

ЗА СИТЕ ОНИЕ КОИ ВО ЖИВОТОТ НАОЃААТ ПОЕЗИЈА—ВО ПОЕЗИЈАТА ЖИВОТОТ, АКВАРЕЛИТЕ НА ГМИТАР ОБРАДОВИЌ ПРЕТСТАВУВААТ ПРИЗИВ И ПОВИК НА НАБЉУДУВАЊЕ, ОДХОД И ДОХОД ВО НАСЕТЕНОТО, А ВИСТИНИТО, ВО ПОЗНАТО А ПРЕПОЗНАВАЧКО. БОЈАТА НЕ Е САМО БОЈА, ТАА Е И СТРАВ И БДЕЕЊЕ, БЛЕСОК НА СОНИШТАТА И НОЌНОТО БДЕЕЊЕ. ОБИДЕТЕ СЕ ТОА ДА ГО ОТКРИЕТЕ НА ВРЕМЕНИТЕ ТРЕПЕРЕЊЕ НА ЖИВОТОТ КОИ СО БОГАСТВОТО НА БОИТЕ И ПРЕЦИЗНОСТА НА АКВАРЕЛСКАТА ЧЕТКИЧКА — НУДАТ.
ПОЗНАТИОТ ИНДИСКИ ПОЕТ САЧИДАНАНДА ВАТСЈАЈАНА АГЕЈ, ДОБИТНИКОТ НА ЗЛАТНИОТ ВЕНЕЦ НА 22 СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА ВО ПЕСНАТА ПОВИКУВАЊЕ НА СУШТЕСТВОТО, ВЕЛИ:
„ПАТОТ НЕ Е НИЧИЈА СОПСТВЕНОСТ, НА ОНОЈ Е КОЈ ЌЕ ТРГНЕ ПО НЕГО". ГМИТАР ОБРАДОВИЌ ТРГНА ОДАМНА — ВО ДРЕВНОСТА КАКО СЛИКАР И СОНУВАЧ, МИСЛИТЕЛ И МИСТИК, ВЉУБЕНИК И ЗАРОБЕНИК НА СЛИКАЊЕТО И НАСЕТУВАЊЕТО, РАДОСТА И ТРПЕЛИВОСТА, БИДЕЈЌИ НА УМЕТНИЦИТЕ ИМ Е ПОЗНАТО, ОНА ШТО НЕ БОЛИ — НЕ Е ЖИВОТ, ОНА ШТО НЕ ПОМИНУВА — НЕ Е СРЕЌА.

АКО ЅЕ НАЈДЕТЕ ПОКРАЈ СЛИКА — ПОСЛУШАЈТЕ, СЛИКИТЕ ШЕПОТАТ, НЕ ЗНААТ ДА ЗБОРУВААТ — ТИЕ КАЖУВААТ: НА СИТЕ ВО СВЕТОТ — ЗА ЅВЕТОТ ВО СИТЕ, И ТАКА ТРААТ.

Томислав Н. Цветковиќ, книжевник



## К А Т А Л О Г

1. РАЃАЊЕ НА СОНЦЕТО
2. ЧОВЕК НА РАБОТА
3. И Г Р А
4. ПАСТОРАЛНА ТЕМА
5. ИГРА ВО ПРОСТОР
6. ДИЈАЛОГ
7. ИТРИНА
8. СЕНКИ НА ЦРВЕНО И ПЛАВО
9. СЛУЧКА
10. О Ч И
11. ЦРНА ДОМИНАНТА
12. ЈАДРА
13. СЕНКИ НА МЛАДИОТ МЕСЕЦ
14. ПРЕПРЕКИ
15. ПАЛМИ
16. ЕНТЕРИЕР
17. СВЕТЛО НА КРАЈ ОД ГРАДОТ
18. РИБА СО ЦРВЕН АКЦЕНТ
19. Р И Д
20. ПО РАБОТ НА РИДОТ
21. БЕЗ НАСЛОВ I
22. МАСЛИНА ВО СИНО - ЗЕЛЕНО
23. ОРАНЖ НА ВЕРТИКАЛАТА
24. МАСЛИНА НА ВЕТЕР
25. СИНА МАСЛИНА
26. БЕЗ НАСЛОВ II
27. МАСЛИНА ПО ДОЖД
28. МАСЛИНА
29. ДВЕ МАСЛИНИ
30. СИНА МАСЛИНА II
31. ПРЕДЕЛ СО ЧЕМПРЕСИ
32. МОТИВ ОД ПОМОРАВЈЕ
33. МАСЛИНА НА ВЕТЕР
34. МАСЛИНИ
35. БЕЗИМЕНА
36. МЛАДА МАСЛИНА

— СИТЕ РАБОТИ СЕ РАБОТЕНИ ВО АКВАРЕЛ —

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО 25 03 — 10 05 1988

---

Печатница „ГРАФОФЛЕКС" Прешево